Ревизијата на успешност е активност спроведена со цел да ги оцени ризиците и да ги утврди можностите за подобрување на условите за изградба, користење, одржување и заштита на пловните патишта, пристаништата, зимовниците и сидриштата.

Од прелиминарните истражувања кои претходно ги извршивме како и откриените ризични подрачја во областа, произлезе потребата да спроведеме ревизија на успешност со наслов:

„Ефикасност во управувањето во областа на внатрешната пловидба во Република Македонија“, со цел да одговориме на прашањето:

**„Дали изградбата, користењето, одржувањето и заштита на пловните патишта, пристаништата, зимовниците и сидриштата овозможуваат безбедна внатрешна пловидба во Република Македонија?„**

Подрачјата кои покажаа ризици во извршените прелиминарни истражувања и кои и понатаму беа предмет на вршење на ревизијата на успешност е групирана во следната област, и тоа:

**Начин на примена на законската регулатива од областа на управувањето и доделувањето на концесии во внатрешната пловидба.**

Кај ризичното подрачје кое се однесува на начинот на примена на законска регулатива од областа на управувањето и доделувањето на концесии во внатрешната пловидба се фокусиравме на условите и мерките кои мораат да се обезбедат на внатрешните пловни патишта во РМ, пристаништата, зимовниците и сидриштата пропишани со целокупната регулатива поврзана со внатрешната пловидба.

**1.1.** Вршењето на внатрешната пловидба во Законот за внатрешната пловидба е дефиниранирана како дејност од јавен интерес и истата согласно законската регулатива може да се даде на концесија.

Во Законот за водите меѓу дејностите за кои се доделува концесијата за користење на води е наведен и езерскиот сообраќај. Пристаништата, зимовниците, сидриштата и капалиштата согласно одредбите на член 17 од Законот ва внатрешна пловидба можат да се дадат на управување на правни и/или физички лица, а според одредбите на член 282 на предлог на министерот за транспорт и врски, Владата на РМ може да ги даде на концесија. Со ревизијата е констатирано дека иако во законската регулатива се пропишани одредени услови и мерки кои мора да ги исполнуваат учесниците во внатрешната пловидба до денот на ревизијата пристаништата, зимовниците[1] и сидриштата[2] како дел од внатрешната

---

[1] Зимовник е изграден или природен воден простор, уреден и оспособен да служи како сигурно засолниште на пловните објекти од оштетување од мраз или од голема вода;

[2] Сидриште е уреден и обележн простор наменет за сидррење и маневрирање на пловни објекти;

пловидба и дејности од јавен интерес не се дадени на управување на правни и физички лица, ниту се дадени на концесија.

На ревизијата и се презентирани записници од одржани работи средби на крајот на 2011 година, во просториите на Капетанијата, со претставници од МТВ, Капетанот на Капетанијата и проектанти, со информации за идни активности кои ќе се превземат за санација на Градското пристаништето во Охрид.

Погоре утврдените состојби имааат влијание на степенот на уреденост и изгаденост на пристаништа, зимовниците и сидриштата.

Во забелешките на Нацрт извештајот, Капетанот на капетанијата истакна дека од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина, донесено е Решение бр.11-7840/2 од 04.10.2012 година за одобрување на Елаборат за заштита на животна средина од март 2012 година. Универзитетот Св.Кирил и Методиј – Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии, извршил ревизија на Основниот проект за реконструкција и санација на Градското пристаниште во Охрид. По целосно реализирање на овие проекти ќе се создадат услови за имплементација на Законот за внатрешна пловидба.

**1.2.** Заради безбедност во внатрешната пловидба со одредбите од Законот за внатрешна пловидба е утврдено дека пристаништата, зимовниците и сидриштата мора да исполнуваат одредени услови и мерки како што се: одбележано подрачје, потребна длабочина на воден простор, опрема за врзување на пловни објекти, како и осветлен простор. Освен тоа како задолжителни услови за користење на пристаништата, зимовниците и сидриштата е наведено и одобрението за користење на истите издадено од Капетанијата на правните или физичките лица на кои им е доделено управувањето со истите.

Со ревизијата е утврдена следната состојба на пристаништата, зимовниците и сидриштата на внатрешните води во РМ и тоа:

- На внатрешните води во РМ има две пристаништа на Охридско Езеро, градското пристаниште во Охрид и пристаништето во Св. Наум. На останатите природни и вештачки езера не се изградени пристаништа. Пристаништата на Охридско Езеро не се дадени на управување на правни, односно физички лица, ниту се дадени на концесија.

- Пристаништето во Охрид, е запишано на име РМ. Истото не е доделено на управување/користење.

- На пристаништето Св. Наум не е дефинирана сопственоста. Според евиденција припаѓа на големоезерски регион КО Љубаништа, општина Охрид.

- Како единствен зимовник, односно сидриште на Охридско Езеро во моментов се користи каналот Билјанини извори. Истиот е природен зимовник/ сидриште без вршени интервенции за негово уредување. Според поседовниот лист, водената површина од каналот се води на РМ, корисник Води, со површина од 64 а и 33 м2.

На останатите природни и вештачки езера во РМ нема уредени зимовници и сидришта.
Бидејќи пристаништата, зимовниците и сидриштата не се изградени/ уредени и не се дадени на управување или на концесија, Капетанијата нема на кого да издаде одобрение за користење, односно имателите на пловни објекти ги користат истите без посебно пропишани услови.
Неопределувањето на правни и физички лица да управуваат со пристаништата, зимовниците и сидриштата, или не изградувањето и уредувањето на истите, создава ризик за безбедноста на внатрешната пловидба на езерата во Република Македонија.

**1.3.** Со одредбите на Законот за внатрешната пловидба е предвидено дека за користење на пристаништата, зимовниците и сидриштата се плаќа надоместок. Висината на надоместокот ја утврдува Владата на РМ во зависност од видот на објектите и нивната опременост со уреди за обележување и сигнализација. Средствата од надоместокот се приход на Буџетот на РМ. Владата на РМ нема донесено акт со кој ќе се определи цената за користење на пристаништата, зимовниците и сидриштата, ниту пак корисниците на пловни објекти за користење на патиштата, пристаништата, сидриштата, зимовниците плаќаат надоместок.

Со увид во документацијата со која располага МТВ и Капетанијата е констатирано дека до 2011 година регистрирани се вкупно 1.017 пловни објекти кои спаѓаат во категоријата чамци. Имено, од нив 336 се од типот „скутери“, 431 се од типот „глисери“ и 250 се од типот на „обични чамци“. Од категоријата „брод“ моментално дозвола за пловидба имаат добиено 3 пловни објекти од кои 2 се со капацитет од 150 патници и 1 со капацитет до 80 патници. Во 2012 година, заклучно со месец октомври се регистрирани се нови 65 пловни објекти. Овие пловни објекти учествуваат во внатрешната пловидба, ги користат пловните патишта, пристаништата, зимовниците/сидриштата како и брегот на внатрешните води, а за користење на истите не плаќаат надоместок бидејки истиот не е уреден со акт донесен од надлежен орган.
Ревизијата истакнува дека со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2011 година од страна на Државниот завод за ревизија кај Министерството за одбрана, констатирано е дека Министерството за одбрана кое користи дел од зимовникот/сидриштето – каналот Билјанини извори, услугите паркирање и престој на пловни објекти ги наплатува од имателите на пловни објекти. Ревизијата истакнува дека и едриличарските

клубови кои се сместени во сидриштето Билјанини извори наплатуваат паркирање и престој на пловните објекти.

Ваквата состојба придонесува:

- на постојаното пристаниште и зимовник/сидриште на Охридското Езеро, пловните објекти да пристигнуваат, се усидруваат без некоја посебна процедура и без да платат надоместок за користење на просторот.
- На останатите внатрешни води погодни за пловидба не се превземени мерки за уредување/изградба на зимовник/сидриште заради заштита и безбедност при користење на пловните објекти и истите се користат без да се плати надоместок од страна на имателите на пловните објекти.

Погоренаведената состојба може да има влијание на необезбедување на средства/надоместок, што е приход на Буџетот на РМ.

**Ревизорски заклучок:**

Од погоре изнесените состојби ревизијата заклучи дека законската регулатива од областа на внатрешната пловидба во Република Македонија не е имплементирана. Не е извршено изградбата, одржување и заштитата на пловните патишта, пристаништата, зимовниците и сидриштата, иако низ езерата постојат и пловат значителен број на пловни објекти ниту пак Владата на РМ има донесено акт со кој ќе се определи цената на истите. За користење на постојниот зимовник/сидриште, Билјанини извори на Охридското Езеро, дел од корисниците плаќаат на Министерството за одбрана и на други субјекти иако надоместокот е приход на Буџетот на РМ.

**Препораки**

Со цел да даде придонес со ревизијата на успешност од аспект на можности за обезбедување услови за подобрување на безбедноста во внатрешната пловидба, ревизијата ги дава следните препораки.
Одговорните лица во Министерството за транспорт и врски во соработка со Владата на РМ, за надминување на состојбите во внатрешната пловидба, да ги преземат следните активности:

- Во насока на имплементација на одредбите од Законот за внатрешната пловидба, а заради безбедност во внатрешната пловидба да се изнајдат начини и можности за обезбедување услови за изградба/санација, користење, одржување и заштита на постојните пристаништа, зимовници и сидришта на Охридското Езеро со давање на управување на правни и/или физички лица или давање на концесија.

- На останатите внатрешни води погодни за пловидба на кои се одвива водениот сообраќај да се обезбедат услови за изградба, користење, одржување и заштита на пристаништа, зимовници и сидришта на начин уреден со закон.
- По обезбедувањето на условите за користење на пловните патишта, пристаништата, зимовниците и сидриштата, Владата на РМ да донесе акт со кој ќе се определи висината на надоместокот за користење на истите кој е приход на Буџетот на РМ.